Марија ТАШЕВА — ПОЦЕСКА

# СОЦИОЛОГИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ЕФИКАСНОТО РАБОТЕЊЕ ВО СТОПАНСТВОТО

Ангажирањето во решавањето на актуелните проблеми на општествениот живот е една од целите кои социологијата си ги поставува од самото свое конституирање и доследно ги спроведува до денес. Затоа и нејзиниот нагласен интерес за стопанскиот живот не е случаен. Како неопходен елемент на општествената егзистенција тоа ја одразува и општествената структура и нивото на развојот, преку неговото проучување социологијата стекнува свест за состојбата на технологијата, за класната структура, односот меѓу политичкиот и економскиот поредок, за делувањето на моќта и самоуправувањето, за битните општествени антагонизми итн.

Настојувајќи научно да ги објасни феномените на стопанството, социологијата, всушност, се остварува себе си како ангажирана наука, зашто нејзините објаснувања треба да и го покажат патот на општествената практика и кон разрешувањето на постоечките проблеми и кон остварувањето на побрз развој.

Овде се укажува на некои од конкретните задачи на социологијата — врзани за нејзините напори да придонесе за унапредувањето на стопанскиот живот.

1. *Утврдување на односот меѓу технолошкиот развој и општествената структура.* Технолошкиот развој нужно произведува промени во општествената структура, а нивното утврдување е битно за дефинирањето на новите цели на стопанството. Новите структурни единици кои ги гради технолошкиот развој, како и модифицираните стари, создава комплекс на нови потреби кои стопанството, во текот на својата понатамошна активност, треба да ги задоволи. Како примери би можеле да се наведат пронајдоците во индустријата на транспортот и средствата за масовна потрошувачка и нивните ефекти врз семејството.[1] Постојаното ра-

[1] Овој проблем пошироко го разработува Вилберт Мур, американски социолог, посебно окупиран со проблемите на општествената промена во индустриските општества, Wilbert Moore, Order and Change, Wiley, New York, 1967.

ботење на усовршувањето на средствата на транспорт и пронаоѓањето на нови, водат кон промени во семејната структура, кон доминација на малото конјугално семејство, кое, бидејќи не е врзано повеќе за локалитетот во кој неговите членови ги обавуваат вонсемејните активности, се поместува кон периферијата на населбите, предизвикувајќи на тој начин промени во урбаната композиција. Се формираат нови типови на населби, кои пред стопанството поставуваат нови проблеми — изградба на комунални сервиси, трговска мрежа, простори за остварување на образовно-воспитните активности, за поминување на слободното време итн. Слично влијание врз семејната структура остваруваат и пронајдоците во сферата на масовната потрошувачка. Во семејствата опремени со модерни апарати за домаќинството, жената се растеретува од низа дејности врзани за домот и е во состојба да излезе надвор од него, ангажирајќи се во активности кои дотогаш биле исклучиво машка привилегија. Со тоа доаѓа до зголемување на бројот на работоспособното население, што од своја страна претставува основа за побрз стопански развој, но и проблем за обезбедување на инвестиции за ширење на стопанските капацитети, посебно оние за кои е погодна женската работна сила.

2. Една од значајните цели на социологијата е *утврдувањето на врската меѓу образованието и стопанството*. Дека таква врска постои, познато е, уште многу одамна. Стапката на писменоста, како и завршеното училиште од различен степен, утврдени кај различните земји прават ранг кој е во апроксимација со рангот формиран на база на нивниот национален доход.[2] Современата индустрија бара работници со одредени квалификации, и оние што ги поседуваат имаат поголеми шанси за вработување. Контигентот на невработените во сите земји е на пониско образовно ниво од оние кои се вработени.

Со технолошкиот раст, со зголемувањето на поделбата на трудот и потребата од повеќе специјализирани занимања, добива посебно значење трајната комуникација меѓу образованието и стопанството. Модерната технологија води кон брзи промени во комбинациите на потребните вештини, кон застарување на едни и потреба од нови вештини, а образованието треба да биде свесно за сите промени и навремено и адекватно да реагира на нив.

---

[2] Мур утврдува разлики само во некои земји. Така Англија бележи интензивен индустриски раст, кој ја направи прва индустриска сила со релативно ниско образовно ниво на нејзините работници. Нејзините инвестиции во средното образование се зголемуваат дури последните две децении. Египет, пак, има релативно висока пропорција на вработени со високо образование, но и ниска општа стапка на писменоста. W. Moore, цит. дело, стр. 82.

3. Задача на социологијата од исклучително значење е *следењето на структурните промени кои се одвиваат во работните организации под влијание на процесите на модернизацијата и утврдувањето на принципите на модерната организација.* Организацијата на трудот добива се поголемо значење во времето на масовното производство, кога единица на индивидуалниот труд не е производот туку изделената операција, кога производот е синтеза на илјадници операции, а негов творец е организацијата како целина. Модерната индустрија бара организација која е попромислена, попрецизна, со поголема кохезија од сите порано познати. Таа бара свесно залагање на секој член во остварувањето на општите цели, како и прецизно утврдени канали на внатрешната комуникација со цел да се усогласат ефектите на многубројните индивидуални акции.

Модерната масовна продукција претпоставува постоење на илјадници различни задачи. Специјализацијата на активностите се повеќе се зголемува, а тоа создава проблеми во остварувањето на интеракцијата меѓу лицата ангажирани во специјализираните активности. Со тоа се наметнува потребата од ново внатрешно структуирање — од изградба на нови нивоа на организација — од вклучување на специјалисти кои ги усогласуваат операциите на лицата вклучени во индустриското производство и ги олеснуваат нивните врски со непосредната околина. Растот на организацијата и зголемувањето на специјализацијата неминовно повлекува раст на позициите во синџирот на интеракцијата, а со тоа и нагласување на хиерархијата.

Кога станува збор за организацијата, една од задачите на социологијата е и истражувањето на неформалната организација, која секогаш е присутна паралелно со формалната и која, често пати повеќе отколку втората, е детерминатор на односите во наградувањето, класификацијата на работата, задоволството од неа и сл.

4. *Ангажман во решавањето на проблемите врзани за самото работно место.* Современата работна задача, која за поголемиот број работници од индустријата се состои во непрекинатото повторување на неколку прости операции, долго време е толкувана од страна на индустриската социологија како монотона, за човекот деградирачка задача, која ги блокира неговите креативни импулси. Некои анализи, меѓутоа, даваат резултати спротивни на оваа теза. Така, истражувањата спроведени во General Motors Contest покажуваат дека дури и најмонотоната задача во автомобилската индустрија води кон полно задоволство од работата

и ѝ дава полн стимул на имагинацијата.[3] Сепак, изгледа сè уште е отворено прашањето како современата работна задача да се направи смислена и задоволувачка. Голема улога на овој план може да одигра правилното распределување на работниците на нивните работни места. Многу социо-психолошки анализи покажале дека основното незадоволство извира од лошата политика на распределувањето на задачите, од доделувањето на задачи за кои се нема афинитет, мануелна вештина или интелектуални способности. Во правото работно место многу социолози гледаат не само основен извор на задоволството од работата, туку и неопходност за кое и да е задоволство. Притоа, не е доволно да се обезбеди право место само за некои, туку за мнозинството од вработените од организацијата. Во лошо организираната работна организација не се незадоволни само оние што се лошо распоредени, туку и оние што се добро распоедени, зашто се под притисок да не произведуваат во согласност со својот полн капацитет. Тие се растргнати меѓу желбата да ги покажат своите вистински способности и да добијат признание за нив и стравот да не бидат лојални со останатите работници.

Овој проблем бара исполнување и на други услови, како што е правилното одредување на обемот на работната задача со цел да се намали заморот и да се добие на продуктивноста — кои се повеќе во доменот на индустриската психологија. Социолозите овде посебно можат да помогнат со истражувањето на принципите на групното работење, зашто работникот кој обавува одредена задача е дел на групата работници и неговата ефективност и задоволството од работата во голем обем зависат од односите со нив.

5. *Анализата на конфликтните ситуации во работната организација*, во нивните различни форми, а една од задачите на социологијата, не само поради нејзината конкретна задача да придонесе во разрешувањето на проблемите во организацијата, туку и заради нејзините пошироки научни цели — објаснувањето на состојбата во која се наоѓа глобалното општество — зашто секое незадоволство кое води кон конфликт во работната организација има пошироко основа, тоа е условено повеќе од општата ситуација отколку од конкретните услови во организацијата и повеќе

[3] Уште во триесеттите години, наспроти ставовите до кои доаѓаат европските социолози, во Хоторновите истражувања спроведени во Чикашката фабрика на General Motors Contest покажуваат дека незадоволството од работата не произлегува од нејзината монотоност, туку од неможноста работниците преку неа да ги остварат своите цели врзани за статусот и комплексот на општествени функции. Истото становиште го застапува и Дракер, Ferdinand Drucker, The New Society: The Anatomy of the Industrial Order, New York, 1950, str. 149—154.

насочено кон глобалната економска политика и широката јавност отколку кон одредени фактори од самата организација. Многу социолози дошле до убедувањето дека конфликтот е во толку помалку суров колку е поголема општествената мобилност, похетерогено членството во различните асоцијации, побогата професионалната композиција, поприфатени институциите од страна на работниците, поголема нивната партиципација во општиот комунален живот, поголема безбедноста на вработувањето, поголеми квалификациите.

6. *Учество во разрешувањето на проблемите на невработеноста*. Невработеноста не е само економски проблем. Таа има многу пошироки димензии. Таа е економски проблем со тоа што решенијата за нејзиното избегнување или намалување се наоѓаат преку економската политика, која користи економски орудија. Меѓутоа, проблемите кои израснуваат од неа не се од економска туку од општествена и психолошка природа. Основните последици од нејзиното продолжително постоење не се однесуваат на остварувањето на физичката егзистенција туку на рушењето на концептот на личноста — тоа води кон губење на самопочитувањето и иницијативата, од човекот прави општествен болесник. Без можност да биде продуктивен, оној што не може да го оствари своето право на работа, станува отпадник, битие кое не членува не само во работната организација, туку и во општеството во целина.

Многу современи социолошки анализи укажуваат на опасностите кои се кријат зад нејзиното продолжително постоење. Таа неминовно остава траги врз политичката партиципација. Човекот кој се плаши дека ќе ја изгуби работата или нема да ја добие, престанува да ја чувствува слободата за своја иманентна потреба, оној што не е продуктивен не може да биде и политички активен. Долгата невработеност го отвара патот кон ограничување на демократијата, па дури и кон воспоставување на тоталитаризам.